РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Бр.04-310/10
21/02/2025 година

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ бр. 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл.весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 , 208/24 и 210/24), Секретарот на Општина Делчево, на ден 21.02.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по интерен оглас бр.01/2025**

1. За извршител на работното место **Раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на општината во Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на општината, Сектор за финансиски прашања, шифра УПР0101Б04000, 1(еден) извршител,**, се избира кандидатката **Стефанија Стојчевска**.

2. Именуваната ќе биде распоредена на работното место од став 1 на оваа Одлука, по конечноста на Одлуката.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

На ден 10.02.2025 година на интернет страниците на Општина Делчево и Агенцијата за администрација на РСМ, објавен е Интерен оглас бр.01/2025 за унапредување на административен службеник во Општина Делчево.

Со Решение бр. 04 – 310/6 од 17.02.2025 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник по Интерен оглас бр.01/2025, која спроведе постапка за селекција на кандидат за унапредување на административен службеник.

По спроведената административна селекција на ден 20.02.2025 година, Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник изготви Записник од административна селекција за интерен оглас 1/2025, со архивски бр. 04-310/7 . На ден 21.02.2025 година од страна на Секретарот на Општина Делчево, спроведено е Интервју со уредно пријавениот кандидат и изготвен Записник со бр.04-310/8. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник по интерен оглас бр.01/2025, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат , со архивски бр.04-310/9 од 21.02.2025 година.

Врз основа на погоренаведеното , Секретарот на Општина Делчево изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се изјави Жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата на општина Делчево.

Изработил: С.Петровска

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Секретар**
**Билјана Прачкоска**